ДС СМИТХ
-АД- Скопје
Бр. 0201-4505
30.08 2017 год.

# ЗАПИСНИК

од одржаното Годишно Собрание на акционери на
Друштво за производство на хартија и амбалажа ДС СМИТХ АД Скопје, со седиште на ул. 1632 бр.1, Скопје - Гази Баба, Република Македонија

Одржано на ден 30.08.2017 година во Хотел Александар Палас, во Конгресна Сала 2, со почеток во 16.00 часот

Собранието го отвори претседавачот на претходното собрание Г-дин Милован Арсовски кој ги поздрави присутните акционери, членовите на Надзорниот и членовите на Управниот Одбор. Претседавачот констатираше дека се присутни 8 (осум) акционери со вкупен број од 228.007 (двестедваесетиосумилјадииседум) акции со право на глас што претставува 81,72% од вкупниот број на акции со право на глас, со што е обезбеден кворум за работа на Собранието согласно член 68 и член 71 од Статутот на Друштвото.

Пред почетокот со работа на Собранието, претседавачот укажа на правилата за ред на Собранието, по што констатираше дека Собранието на денешната седница ќе работи по следниот дневен ред, објавен на ден 28.07.2017 година во дневниот весник "Нова Македонија" со кој се повикуваат акционерите да присуствуваат на денешната седница на закажаното Годишно Собрание на акционерите на ДС СМИТХ АД Скопје, со почеток во 16.00 часот:

## ДНЕВЕН РЕД

### I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:

1. Отворање на Собранието;
2. Избор на Претседавач на Годишната седница на Собрание на акционери;
3. Избор на Записничар на Собранието;
4. Избор на заверувачи на Записникот;
5. Избор на бројачи на гласови;
6. Утврдување на дневен ред од работниот дел;

### II. РАБОТЕН ДЕЛ:

1. Усвојување на Записник од претходната седница на Собранието на акционери на Друштвото одржано на ден 30.08.2016 година;
2. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работата на Друштвото за претходната деловна година;
3. Разгледување и усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за период од 01.01.2016 - 31.12.2016 година;
4. Разгледување и усвојување на Годишен Извештај на Управниот одбор и Надзорниот Одбор за работата, управување и раководење со Друштвото во 2016 година;
5. Разгледување на работата на членовите на Управниот и Надзорниот одбор за 2016 година;
6. Усвојување на Извештај за економско - финансиската ревизија за работењето на Друштвото изработен од Ревизорската куќа (ДИЛОИТ ДОО од Скопје) за период од 01.01.2016 - 31.12.2016 година;
7. Одлучување за распределба на добивката на Друштвото;

8. Избор на ревизорска куќа за 2017 година;

По објавувањето на дневниот ред се пристапи кон процедуралниот дел од работењето на Собранието, каде што Г-дин Милован Арсовски ги информираше акционерите дека согласно Законот за трговски друштва Претседавач на Собранието се бира за секоја седница и побара предлог од акционерите. На предлог на полномошникот на мнозинскиот акционер ДС Смитх Пакеџинг Саут Ист ГМБХ, Игор Александровски од Скопје, **за претседавач на денешната седница на Собранието беше предложен Г-дин Милован Арсовски од Скопје и истиот беше избран со 227.977 гласа ЗА, 30 гласа ПРОТИВ и 0 гласа ВОЗДРЖАНИ** по пат на јавно гласање со кревање раце.

Нотирано е дека со 30 гласа ПРОТИВ гласаше акционерот Душан Јевремовски од Скопје.

Избраниот Претседавач констатираше дека согласно точката 3 од процедуралниот дел од објавениот дневен ред потребно е да се избере Записничар на Собранието и побара од присутните акционери предлог за истото. Претседавачот ја предложи Г-ѓа Ангелина Глигорова од Скопје, при што се пристапи кон гласање и **за Записничар на денешната седница на Собранието беше избрана Г-ѓа Ангелина Глигорова од Скопје со 227.977 гласа ЗА, 30 гласа ПРОТИВ и 0 гласа ВОЗДРЖАНИ** по пат на јавно гласање со кревање раце.

Нотирано е дека со 30 гласа ПРОТИВ гласаше акционерот Душан Јевремовски од Скопје.

Претседавачот констатираше дека согласно точката 4 од процедуралниот дел од објавениот дневен ред потребно е да се изберат Заверувачи на Записникот и побара од присутните акционери предлози за истото. Претседавачот ги предложи Г-дин Влатко Мицевски од Скопје и Г-дин Ѓорѓи Аговски од Скопје, при што се пристапи кон гласање и **за Заверувачи на Записникот од денешната седница на Собранието беа избрани Г-дин Влатко Мицевски од Скопје и Г-дин Ѓорѓи Аговски од Скопје со 227.977 гласа ЗА, 30 гласа ПРОТИВ и 0 гласа ВОЗДРЖАНИ** по пат на јавно гласање со кревање раце.

Нотирано е дека со 30 гласа ПРОТИВ гласаше акционерот Душан Јевремовски од Скопје.

Претседавачот констатираше дека согласно точката 5 од процедуралниот дел од објавениот дневен ред потребно е да се избере бројач на гласови на Собранието и побара од присутните акционери предлози за истото. Претседавачот ја предложи Г-ѓа Ферида Чолаковиќ од Скопје, при што се пристапи кон гласање и **за бројач на гласови на денешната седница на Собранието беше избрана Г-ѓа Ферида Чолаковиќ од Скопје со 227.977 гласа ЗА, 30 гласа ПРОТИВ и 0 гласа ВОЗДРЖАНИ** по пат на јавно гласање со кревање раце.

Нотирано е дека со 30 гласа ПРОТИВ гласаше акционерот Душан Јевремовски од Скопје.

По завршувањето на процедуралниот дел, Претседавачот на Собранието премина на работа со вториот-работен дел од дневниот ред.

Пред да биде ставен објавениот дневниот ред на гласање пред присутните

акционери, за збор се јави акционерот Душан Јевремовски од Скопје.

Во неговото излагање истакна дека закажаното Годишно Собрание на акционери е свикано спротивно на Законот за трговски друштва, од причина што истото е закажано по истекот на законскиот рок за свикување на годишно собрание, како и истакна дека материјалите за собрание не биле достапни за акционерите од причина што истите не биле објавени на веб страната на Друштвото што е законска обврска, впрочем дека и веб страната на Друштвото воопшто не функционира. Истакна дека и се обидел и телефонски да стапи во контакт со Друштвото за обезбедување на материјали, меѓутоа и тоа се покажало како неуспешно. Материјалите ги добил преку лични контакти со вработени во Друштвото.

Откако се исцрпи дискусијата, Претседавачот на Собранието го стави на гласање дневниот ред и констатираше дека **објавениот дневен ред беше усвоен со 227.977 гласа ЗА, 30 гласа ПРОТИВ и 0 гласа ВОЗДРЖАНИ** по пат на јавно гласање со кревање раце.

Нотирано е дека со 30 гласа ПРОТИВ гласаше акционерот Душан Јевремовски од Скопје.

1. Се пристапи кон разгледување на точката 1 на дневен ред - Усвојување на Записник од претходната седница на Собранието на акционери на Друштвото одржано на ден 30.08.2016 година.

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред, за која за збор се јави акционерот Душан Јевремовски од Скопје.

Во неговото излагање истакна дека Записникот од претходната седница на Собранието на акционери на Друштвото одржано на ден 30.08.2016 година е составен спротивно на законските прописи од причина што како точка на дневен ред е ставено усвојување на пречистен текст од Статутот на Друштвото што не е надлежност на Собрание на акционери туку е во надлежност на Надзорниот одбор на Друштвото.

За збор се јави и полномошникот на мнозинскиот акционер ДС Смитх Пакеџинг Саут Ист ГМБХ, Игор Александровски од Скопје, кој истакна дека Записникот од претходната седница на Собранието на акционери на Друштвото одржано на ден 30.08.2016 година е составен целосно согласно законските прописи од причина што истиот беше составен од страна на нотар кој ја водеше седницата на Годишното Собрание одржано на 30.08.2016 и согласно истиот беше извршен упис на промени во Централниот Регистар на РМ. Истакна дека доколку Записникот од 30.08.2016 година бил спротивен на законските одредби Централниот Регистар не би го прифатил за валиден и согласно истото не би го спровел уписот на промените во Друштвото.

За збор се јави повторно акционерот Душко Јевремовски од Скопје кој истакна дека надлежноста на нотарот е да констатира фактичка состојба а не да толкува законски прописи.

Откако се исцрпи дискусијата, Претседавачот на Собранието ја стави на гласање **Одлуката за Усвојување на записникот од претходната седница на Собранието на акционери на Друштвото одржано на 30.08.2016 година и констатираше дека истата беше усвоена со 227.977 гласа ЗА, 30 гласа**

**ПРОТИВ и 0 гласа ВОЗДРЖАНИ** по пат на јавно гласање со кревање раце.

Нотирано е дека со 30 гласа ПРОТИВ гласаше акционерот Душан Јевремовски од Скопје.

2. Се пристапи кон разгледување на точката 2 на дневен ред - Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работата на Друштвото за претходната деловна година.

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред, за која за збор се јави акционерот Душан Јевремовски од Скопје.

Во неговото излагање истакна дека не го прифаќа Годишниот извештај за работата на Друштвото за претходната деловна година од причина што во истиот не е направена јасна разлика помеѓу ингеренциите на Управниот и Надлежниот одбор, нивните активности во претходната деловна година и друго, што покажува за незаинтересираноста на мнозинскиот акционер во работата на Друштвото. Истакна дека Годишниот извештај не ги содржи законските елементи согласно Законот за трговски друштва од причина што не се објавени податоци за платите и другите надоместоци на членовите на Управниот и Надзорниот Одбор.
Побара да му се достави список со плати на раководната структура на Друштвото.
Понатаму истакна дека во Годишниот извештај не се објавени податоци за големи зделки и зделки со заинтересирани страни кои согласно законските прописи треба да бидат содржани во годишниот извештај. Истакна загриженост за зголемената задолженост на Друштвото за повеќе од 40% од вкупниот имот. Истакна дека во однос на собраната стара хартија порано се објавувале периодични сметки кои сега не се објавени и согласно тоа не може да се види ефективноста во работењето. Истакна дека не може да се види работата на секој посебен оддел/центар поединечно додека во Годишниот извештај различно сликовито се претставени резултатите од работењето.
Побара да му достават сите договори за кредити со сите страни како и список на количини на стара хартија што се собрани, каде Сервис Хартија извезува, по кои цени и колку рекламации се добиени.
Понатаму истакна дека во Годишниот извештај се наведени податоци за инвестициони зафати како што се изградба на пат, зграда како и набавка на бокс. Побара да му се достават податоци (услови, цена) за набавката на боксот.

Откако се исцрпи дискусијата, Претседавачот на Собранието ја стави на гласање **Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на Друштвото за претходната деловна година и констатираше дека истата беше усвоена со 227.977 гласа ЗА, 30 гласа ПРОТИВ и 0 гласа ВОЗДРЖАНИ** по пат на јавно гласање со кревање раце.

Нотирано е дека со 30 гласа ПРОТИВ гласаше акционерот Душан Јевремовски од Скопје.

3. Се пристапи кон разгледување на точката 3 на дневен ред - Разгледување и усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за период од 01.01.2016 - 31.12.2016 година.

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред, за која за збор се јави акционерот Душан Јевремовски од Скопје.

Во неговото излагање истакна дека оваа точка на дневниот ред треба да се

разгледува заедно со точката на дневниот ред каде се одобрува работата на членовите на Управниот и Надзорниот Одбор на Друштвото од причини што овие точки се поврзани една со друга. Истакна дека забележал во Билансот на успех на Друштвото дека добивката од работењето на Друштвото изнесува 16.000.000,00 денари што е позитивно, меѓутоа истакна загриженост зошто истата е намалена за половина во однос на претходната година. Побара информации на што се потрошени 16.000.000,00 денари. Истакна дека забележал дека постои зголемување на платите на вработените за 30% што е поголемо од просекот. Истакна дека забележал дека Друштвото има остварен зголемен извоз од 20%.
Побара податоци во кои земји е остварен извоз и во кои вредности.
Во Билансот на состојба забележал дека не се објавени сите зделки со поврзани страни. Истакна загриженост што Друштвото било задолжено преку 100% од сопствената вредност. Истакна забелешки во поглед на каматите и кредитите со поврзани страни.
Побара податоци врз основа на кој Друштвото е задолжено за 4.612.000,00 денари и дали по овој основ се платени даноци.
Постави прашање дали во набавката на софтвер се вклучени и 250.000,00 денари за Белишќе кои никогаш не биле спроведени.
Постави прашање во однос на земјиштето, од каде забележаната вредност, дали во меѓувреме е извршена приватизација на истото или податоците неовластено стојат во Билансот на состојба.

За збор се јави Претседателот на Управниот Одбор, Ѓ-ца Олгица Кржева која истакна дека во изминатиот период Друштвото остварило извоз во Србија, Албанија и останати земји. Истакна дека во моментот не располага со точните бројки за собраните количини и остварениот извоз.

За збор повторно се јави акционерот Душан Јевремовски од Скопје, кој побара да му се достави договорот со ДС СМИТХ Крушевац за предметот на услугите, по кои цени истите се нуделе и зошто постои побарување од нивна страна.

Истиот беше согласен бараните податоци да ги добие писмено.

Откако се исцрпи дискусијата, Претседавачот на Собранието ја стави на гласање **Одлуката за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за период од 01.01.2016 - 31.12.2016 година и констатираше дека истата беше усвоена со 227.977 гласа ЗА, 30 гласа ПРОТИВ и 0 гласа ВОЗДРЖАНИ** по пат на јавно гласање со кревање раце.

Нотирано е дека со 30 гласа ПРОТИВ гласаше акционерот Душан Јевремовски од Скопје.

4. Се пристапи кон разгледување на точката 4 на дневен ред - Разгледување и усвојување на Годишен извештај на Управниот Одбор и Надзорниот одбор за работата, управување и раководење со Друштвото во 2016 година.

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред, за која за збор се јави акционерот Душан Јевремовски од Скопје.

Во неговото излагање истакна дека очигледно е дека Управниот и Надзорниот Одбор го потценуваат собранието на акционери на Друштвото. Истакна дека не е запазена обврската од минимум 4 седници во годината на Надзорниот Одбор односно на секои 3 месеци да се донесе извештај за работата на Друштвото. Истакна дека обврска е на Надзорниот Одбор на Друштвото да ги разгледа

годишната сметка и годишниот извештај на Друштвото пред одржувањето на Годишното Собрание. Забележал дека во Извештајот на Надзорниот Одбор стои дека во претходната година се одржани 2 седници што покажува дека Надзорниот Одбор воопшто не го интересира работењето на Друштвото. Истакна дека Надзорниот Одбор сеуште не организирал одделение за внатрешна ревизија за што е обврзан со закон кое е должно да достави извештај пред секое годишно собрание. Надзорниот Одбор дури не наоѓа ни за сходно да присуствува на седница на Годишно Собрание. Истакна дека Надзорниот и Управниот Одбор се органи на ДС СМИТХ АД Скопје а не на ДС СМИТХ Лондон или поинаку. Предупреди дека за секоја штета причинета на Друштвото, Управниот и Надзорниот одбор одговараат за причинетата штета солидарно. Истакна дека Управниот Одбор нема изградена стратегија за работењето на Друштвото, а во однос на акумулираната загуба од минатите години нема акционен план за нејзино покривање. Истакна дека смета дека лицата Дарко Калчев и Јонче Јачев не се квалификувани да бидат членови на Управен и Надзорен Одбор односно смета дека не се стручни да ја вршат таа функција.

Откако се исцрпи дискусијата, Претседавачот на Собранието ја стави на гласање секоја одлука посебно и констатираше дека **Одлуката за прифаќање на Извештајот на Надзорниот одбор за работата и водењето на работењето со Друштвото во 2016 година беше усвоена со 227.977 гласа ЗА, 30 гласа ПРОТИВ и 0 гласа ВОЗДРЖАНИ** по пат на јавно гласање со кревање раце.

Нотирано е дека со 30 гласа ПРОТИВ гласаше акционерот Душан Јевремовски од Скопје.

Претседавачот на Собранието ја стави на гласање и **Одлуката за прифаќање на Извештајот на Управниот одбор за управување и раководење со Друштвото во 2016 година и констатираше дека истата е усвоена со 227.977 гласа ЗА, 30 гласа ПРОТИВ и 0 гласа ВОЗДРЖАНИ** по пат на јавно гласање со кревање раце.

Нотирано е дека со 30 гласа ПРОТИВ гласаше акционерот Душан Јевремовски од Скопје.

5. Се пристапи кон разгледување на точката 5 на дневен ред - Разгледување на работата на членовите на Управниот и Надзорниот одбор за 2016 година.

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред при што ги информира акционерите дека гласањето ќе се врши за секој член поединечно. Бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред Претседавачот на Собранието ги стави на гласање секоја одлука поединечно.

По пат на јавно гласање, Собранието на акционери на Друштвото донесе Одлука за одобрување на работата на сите членови на Управниот одбор со поединечно гласање за секој од членовите и тоа:

**-Г-дин Дарко Калчев како член на Управниот Одбор - со 227.977 гласа ЗА, 30 гласа ПРОТИВ и 0 гласа ВОЗДРЖАНИ**
**-Г-дин Зоран Трнавац како член на Управниот Одбор - со 227.977 гласа ЗА, 30 гласа ПРОТИВ и 0 гласа ВОЗДРЖАНИ**
**-Ѓ-ца Олгица Кржева како Претседател и член на Управниот Одбор - со 227.977 гласа ЗА, 30 гласа ПРОТИВ и 0 гласа ВОЗДРЖАНИ**

Нотирано е дека со 30 гласа ПРОТИВ за сите членови поединечно гласаше акционерот Душан Јевремовски од Скопје.

Претседавачот на Собранието констатираше дека Собранието на акционери на Друштвото ја одобри работата на сите членови на Управниот Одбор на Друштвото за 2016 година.

По пат на јавно гласање, Собранието на акционери на Друштвото донесе Одлука за одобрување на работата на сите членови на Надзорниот одбор со поединечно гласање за секој од членовите и тоа:

**-Г-дин Золт Фекете како член на Надзорниот Одбор - со 227.977 гласа ЗА, 30 гласа ПРОТИВ и 0 гласа ВОЗДРЖАНИ**
**-Г-дин Јонче Јачев како независен член на Надзорниот Одбор - со 227.977 гласа ЗА, 30 гласа ПРОТИВ и 0 гласа ВОЗДРЖАНИ**
**-Г-дин Елмар Бидерманн како член на Надзорниот Одбор - со 227.977 гласа ЗА, 30 гласа ПРОТИВ и 0 гласа ВОЗДРЖАНИ**
**-Г-дин Жан Лиенхардт како Претседател и член на Надзорниот Одбор - со 227.977 гласа ЗА, 30 гласа ПРОТИВ и 0 гласа ВОЗДРЖАНИ**

Нотирано е дека со 30 гласа ПРОТИВ за сите членови поединечно гласаше акционерот Душан Јевремовски од Скопје.

Претседавачот на Собранието констатираше дека Собранието на акционери на Друштвото ја одобри работата на сите членови на Надзорниот Одбор на Друштвото за 2016 година.

6. Се пристапи кон разгледување на точката 6 на дневен ред - Усвојување на Извештај за економско - финансиската ревизија за работењето на Друштвото изработен од Ревизорската куќа (ДИЛОИТ ДОО од Скопје) за период од 01.01.2016 - 31.12.2016 година.

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред, за која никој не се јави за збор, после што Претседавачот одлуката ја стави на гласање и констатираше дека **Одлуката за прифаќање на Извештајот за економско - финансиска ревизија за работењето на Друштвото од ревизорската куќа ДИЛОИТ ДОО од Скопје (Deloitte DOO од Скопје) за период од 01.01.2016 до 31.12.2016 година е усвоена со 227.977 гласа ЗА, 30 гласа ПРОТИВ и 0 гласа ВОЗДРЖАНИ** по пат на јавно гласање со кревање раце.

Нотирано е дека со 30 гласа ПРОТИВ гласаше акционерот Душан Јевремовски од Скопје.

7. Се пристапи кон разгледување на точката 7 на дневен ред - Одлучување за распределба на добивката на Друштвото.

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред, за која никој не се јави за збор, после што Претседавачот одлуката ја стави на гласање и констатираше дека **Одлуката за распределба на добивката на Друштвото е усвоена со 227.977 гласа ЗА, 30 гласа ПРОТИВ и 0 гласа ВОЗДРЖАНИ** по пат на јавно гласање со кревање раце.

Нотирано е дека со 30 гласа ПРОТИВ гласаше акционерот Душан Јевремовски од

Скопје.

8. Се пристапи кон разгледување на точката 8 на дневен ред - Избор на Ревизорска Куќа за 2017 година.

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред, за која за збор се јави акционерот Душан Јевремовски од Скопје.

Во неговото излагање истакна дека за оваа точка од дневниот ред не добил материјали за да може да одлучува. Истакна дека не се согласува за ревизор да се избере ревизорска куќа која го составува ревизорскиот извештај на 23.06.2017 година. Истакна за потребата од обезбедување на 3 понуди за избор на ревизорска куќа со цел споредување на условите и цените кои тие ги нудат.

За збор се јави и полномошникот на мнозинскиот акционер ДС Смитх Пакеџинг Саут Ист ГМБХ, Игор Александровски од Скопје кој за ревизорска куќа за 2017 година ја предложи ДИЛОИТ ДОО од Скопје (Deloitte DOO од Скопје).

Откако се исцрпи дискусијата, Претседавачот на Собранието ја стави на гласање одлуката и констатираше дека **Одлуката за избор на ревизорска куќа ДИЛОИТ ДОО Скопје (Deloitte DOO од Скопје) за вршење економско - финансиска ревизија на работењето на Друштвото за 2017 година беше усвоена со 227.825 гласа ЗА, 30 гласа ПРОТИВ и 152 гласа ВОЗДРЖАНИ** по пат на јавно гласање со кревање раце.

Нотирано е дека со 30 гласа ПРОТИВ гласаше акционерот Душан Јевремовски од Скопје.

Со ова сите точки од дневниот ред беа исцрпени и со тоа седницата на Годишното Собрание на акционери на ДС СМИТХ АД Скопје заврши во 17.25 часот.

Во Скопје, на 01.09.2017 година

**Записничар**

**Ангелина Глигорова**

Глигорова Ангелина

**Претседавач на Собрание на акционери на ДС СМИТХ АД Скопје**

**Милован Арсовски**

Друштво за производство на хартија и амбалажа ДС СМИТХ -АД- Скопје

**Заверувачи на Записник**

**Влатко Мицевски**

**Ѓорѓи Аговски**